Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, во врска со Предлогот бр.03-4515/1 од 14.12.2020 година за поведување прекршочна постапка против Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.10-4491/1 од 10.12.2020 година на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

2. Советот заклучи против Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, на 3 ноември 2020 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-2556/16

17.12 2020 година
С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на претседател на Советот**

**д-р Милаим ФЕТАИ**